# БИЛТЕН

# 2025

Овој билтен е подготвен со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на билтенот е единствена одговорност на спроведувачите на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.

# БИЛТЕН 2025

Зад нас е година исполнета со соработка, ангажман и заедничко дејствување, во која граѓанските организации беа во фокусот на активностите на Граѓанскиот ресурсен центар, редовно споделувајќи информации, јакнејќи ги нивните капацитети и поддржувајќи процеси релевантни за развојот на граѓанското општество. Во изминатата година, Граѓанскиот ресурсен центар постигна значајни резултати преку бројни активности спроведени за и со граѓанските организации.




**Поттикнувавме граѓански активизам и учество** преку 13 информативни настани, консултативни средби и дебати на различни теми релевантни за развојот на граѓанското општество, со вкупно 384 учесници. Овие активности обезбедија простор за дијалог, размена на мислења и консултации меѓу граѓанските организации, државните институции и другите засегнати страни. Го поддржавме консултативниот процес за новата Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028 и придонесовме кон подобра информираност на организациите за изборот на членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

**Продолживме со поддршка на локалните организации** преку **шест** посети на Мобилниот ресурсен центар во Крушево, Валандово, Демир Капија, Битола, Јегуновце и Кочани, со учество на 82 претставници на локални организации, активисти и други чинители. Преку овие посети беше обезбедена директна теренска поддршка и размена на информации и искуства со организациите, со што се придонесе кон јакнење на капацитетите и подобрување на пристапот до ресурси на локално ниво.






**Ги зајакнувавме капацитетите на граѓанските организации** преку шест обуки од важни организациски области како волонтерство, дигитална трансформација, административно работење, собирање податоци со користење на алатката KoboToolbox, дигитални социјални иновации и мониторинг, евалуација и учење на организациско ниво, со вкупно 165 учесници. Дополнително, беа спроведени 64 менторски сесии на теми како што се дигитализација, ЕРАЗМУС+, волонтерство, организациски развој, добро управување, транспарентност и отчетност, со што се обезбеди насочена и прилагодена поддршка согласно конкретните потреби на организациите.

**Доделивме 11 грантови** за поддршка на локалните избори 2025, со цел јакнење на организациите во нивното активно учество и ангажираност за инклузивни, транспарентни и отчетни локални избори. Во 2025 година, 28 локални организации ги спроведуваа акциските грантови за локални иницијативи за справување со различните локални предизвици на нивнте целни групи.



Овој билтен е подготвен со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на билтенот е единствена одговорност на спроведувачите на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА МЦМС



**Подготвивме две анализи** – „Огледало на Владата, Годишен извештај од следењето на ЕНЕР во 2024“ и „Спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024“ – како и 12 месечни прегледи од следењето на ЕНЕР, 35 неделни известувања за предлог-закони објавени на ЕНЕР и 12 месечни прегледи на можности за финансирање на граѓанските организации. Овие активности овозможија навремен пристап до информации и поддршка на организациите во нивното учество во процесите на креирање политики засновано на докази.



**Во 2025 година, Граѓанскиот ресурсен центар продолжи со развој и промоција на дигитални алатки** за самооценка на граѓанските организации. Беше изготвена нова онлајн алатка за самооценка на транспарентноста, отчетноста и доброто управување – „Огледало на граѓанските организации“, додека постоечката онлајн алатка за самооценка на организациските капацитети до сега е пополнета од вкупно 318 организации, обезбедувајќи вредни сознанија за потребите за организациски развој.




**Обезбедувавме редовна поддршка преку советi и консултации** за повеќе од 350 организации и граѓани во 2025. Оваа поддршка е надополнета со платформата за поддршка на локалните организации преку ресурсните центри во Скопскиот, Полошкиот и Источниот регион, како и регионалните експерти од граѓанското општество за Пелагонискиот и Југозападниот плански регион, овозможувајќи достапна и прилагодена поддршка на локално ниво.

**Редовно ги информиравме граѓанските организации** преку листата за дистрибуција со 9.536 е-маил адреси, преку која во 2025 година беа споделени над 250 релевантни информации. Дистрибуираните информации опфатија можности за финансирање, настани и други содржини значајни за работата и развојот на граѓанските организации.







**Обезбедивме простор во Скопје, Гостивар и Штип за спроведување на активности на граѓанските организации**, при што во текот на годината беа организирани вкупно 167 настани од страна на други организации во Граѓанскиот ресурсен центар Скопје и над 200 настани во ресурсните центри во Гостивар и Штип. Со овозможување на овој простор, Граѓанскиот ресурсен центар им даде поддршка на организациите за навремена и ефикасна реализација на нивните активности и иницијативи. Платформата ЗООМ е користена од организациите за повеќе од 50 онлајн настани.

Овој билтен е подготвен со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на билтенот е единствена одговорност на спроведувачите на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.



Во 2025 година, **Граѓанскиот ресурсен центар дополнително ги унапреди дигиталните алатки** за поддршка на граѓанските организации. Во рамки на Онлајн академијата за граѓанските организации беше снимена и објавена една нова тема, фокусирана на мониторинг, евалуација и учење на организациско ниво. Дополнително, онлајн инструментот за следење и промоција на иницијативи за застапување на граѓанските организации беше ажуриран со шест иницијативи за застапување.

Во 2025 година, **Граѓанскиот ресурсен центар го зајакна своето онлајн присуство** преку веб-страницата, е-маил комуникацијата и социјалните медиуми. Веб-страницата оствари **79.395** прегледи во рамки на **49.432** посети од над **25.000** корисници, при што најпосетени содржини останаа прегледите на можности за финансирање и повиците за грантови. Комуникацијата преку мејлинг листата и Facebook, дополнително придонесе кон зголемена видливост и ангажман на граѓанските организации. Во 2025 година, на веб-страницата беа објавени **43 вести**, додека на Facebook профилот беа објавени **190 објави**, преку кои Граѓанскиот ресурсен центар комуницираше со **4.013 следбеници**.




Ви благодариме за континуираната соработка и посветеноста во јакнењето на граѓанското општество.

Во 2026 година, ќе продолжиме да ве поддржуваме со ресурси, знаења и алатки кои придонесуваат кон одржливо, отпорно и влијателно граѓанско општество.

Ви посакуваме успешна и инспиративна 2026 година!

Овој билтен е подготвен со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на билтенот е единствена одговорност на спроведувачите на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.